Во насока на имплементација на активностите предвидени со Програмата за активностите во областа на социјалната, детска и здравствена заштита во град Скопје за 2023 година (“Службен гласник на Град Скопје“ број 18/22), Градот Скопје објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за поддршка на проекти и програмски активности**
**на организации кои работат во областа на социјалната, детска и здравствена заштита**

Предмет на Јавниот повик е прибирање понуди за финансиска поддршка на проекти и програмски активности на здруженија на граѓани, организации, фондации и други субјекти што работат во областа на социјалната, детска и здравствена заштита (во натамошниот текст: Организации).

Проектите и програмските активности ќе бидат поддржани со средства од Буџетот на Град Скопје за 2023 година, и согласно Програмата за активностите во областа на социјалната, детска и здравствена заштита во град Скопје за 2023 година (Програма) како и критериумите и приоритетите дадени во овој Јавен повик.

**I. Приоритети на Програмата и видот на проектите кои ќе бидат поддржани:**

Во рамките на овој Јавен повик, проектите кои ќе бидат финансиски поддржани од страна на Градот Скопје, треба да се однесуваат на Приоритетите дефинирани во Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје за 2023 година (Програмата е достапна на веб страната на Градот Скопје www.skopje.gov.mk ), и тоа:

1. Остварување социјална заштита на лица со попреченост;
2. Остварување социјална заштита на лица кои употребуваат дроги;
3. Општествено вклучување и социјални услуги за ранливите категории на граѓани;
4. Еднакви можности на жените и мажите, недискриминација, поттикнување и развој на лични и општествени вредности;
5. Унапредување на здравствена заштита.

Исто така ќе бидат поддржани и проекти кои опфаќаат други активности за остварување на социјална заштита на социјално ранливи категории на граѓани.

**II. Временска рамка и користење на средства**

Начинот на користењето на средствата за 2023 година ќе биде уредено со договорот помеѓу организацијата и Градот Скопје.

**III. Основни критериуми**

Основни критериуми кои треба да ги исполнуваат Организациите, здруженијата кои учествуваат на овој Јавен повик се:

- Да се регистрирани според Централниот регистар на РМ;
- Да се занимаваат со активности и проекти од јавен интерес минимум две години;

**IV. Задолжителна документација за аплицирање**

- Пријава за финансиска поддршка на Организацијата, потпишана и заверена со печат од овластено лице (достапна на веб страната на Градот Скопје www.skopje.gov.mk);
- Пополнет Образец за предлог проект (достапен на веб страната на Градот Скопје www.skopje.gov.mk);
- Статут на Организацијата;
- Решението за регистрација на Организацијата;
- Извештај за добиените средства од Буџетот на Град Скопје во изминатата фискална година и начинот на нивната реализација (доколку организацијата била корисник на средства доделени од Буџетот на Град Скопје за 2022 година);
- Фотокопија од завршната сметка за 2021 година;
- Уверение за платени даноци издадено од даночните органи.

**НАПОМЕНА: Пријавите кои не ја исполнуваат комплетноста на задолжителната документација не се разгледуваат понатаму.**

**V. Придружна документација:**

Организациите во прилог можат да ја доставаат и следнава придружна документација:

- Професионална биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот;
- Референтна листа или доказ (пример: потпишан договор) за најмалку 2 проекти реализирани во областа за која што се аплицира;
- Најмалку 2 мислења (референци) од партнери или донатори за реализација на претходни проекти;
- Писмена поддршка од други организации и/или институции за кои е планирано да земат учество во реализицијата на проектот.

Оценувањето на пристигнатите предлози за проекти, ќе ја врши Комисија формирана од Градоначалникот на Град Скопје, врз основа на следните критериуми:

| КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ | МАКСИМУМ БОДОВИ |
|---|---|
| **1. Организациска структура и ресурси** | **40** |
| 1.1. Капацитет на Организацијата во однос на човечки ресурси за спроведување на проектот (вработени, активни волонтери, хонорарно ангажирани лица) | 10 |
| 1.2.Стручност на лицата кои учествуваат во спроведување на проектот | 10 |
| 1.3. Искуство на Организацијата во спроведување на проекти од таков обем во соодветната област | 10 |
| 1.4. Просторна и техничка опременост на Организацијата за спроведување на проектот | 5 |
| 1.5. Способност за раководење со буџетот (дали годишниот буџет на Организацијата во последната календарска година ја надминува висината на проектот) | 5 |

| **2. Квалитет на проектот** | **60** |
|---|---|
| 2.1. Колку општата цел на проектот ќе придонесе кон реализација на поставените цели, колку е јасна, остварлива и соодветно определена | 10 |
| 2.2. Усогласеност со целите, активностите и вредностите со Програмата на Град Скопје | 10 |
| 2.3. Понудени квалитетни и иновативни решенија за реализирање на проектните цели | 10 |
| 2.4. Детално разработени програмски активности | 10 |
| 2.5. Оценка на оправданоста на трошоците на предложениот финансиски план (реалистичен буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоци по позиции и колку тие соодветствуваат со пазарните цени) | 10 |
| 2.6. Оценка за учеството на Организацијата во предвидениот Проект со финансиски средства обезбедени од сопствени и други извори (за сопствено учество од 15%, апликантот добива максимум 10 бодови) | 10 |
| **Максимум вкупен број бодови** | **100** |

## VI. Рок и начин на доставување на пријавите

Крајниот рок за поднесување на пријавите е **07.02.2023** година, до **15:00** часот.

Пријавите со целокупната документација се доставуваат по пошта на адреса: **Град Скопје, Одделение за социјална, детска и здравствена заштита, бул. "Илинден" бр. 82, 1000 Скопје** или во архивата на Град Скопје, барака 16 (со назнака - Одделение за социјална, детска и здравствена заштита – Пријава за јавен повик). **Пријавите доставени по e-mail нема да бидат разгледувани.**

Пријавата за финансиска поддршка на Организациите, како и Образецот за предлог - проект се достапни на интернет страната на Град Скопје www.skopje.gov.mk.

Учесниците на Јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од **15** дена од денот на донесување на одлуката за распределба на средства од Буџетот на Град Скопје за 2023 година.

**Напомена: Пријавите без комплетна приложена документација или доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат! Доставените прилози не се враќаат.**

*За дополнителни информации:*
Прашања за појаснување може да се поставуваат писмено или по електронски пат до Одделението за социјална, детска и здравствена заштита.
Контакт: Одделение за социјална, детска и здравствена заштита, тел: 02/ 3297 321; Е-маил адреса: natasam@skopje.gov.mk.